## Хавеп Македонија како дел од Хавеп групацијата има отворена позиција

## Специјалист за човечки ресурси

**Образование и квалификации**

• Завршено високо образование, Правен факултет
• Претходно работно искуство од најмалку 3 години на иста или слична позиција
• Активно познавање на Англиски јазик (говорење и пишување)
• Способност за работа со база на податоци и одржување на истата.
• Познавање на Македонските закони за работни односи и безбедност и здравје при работа

**Личен профил**

- Одлични организаторски и комуникациски способности
- Одговорност кон доверените задачи и посветеност на работата
- Високо ниво на интегритет и доверливост.
- Способност за работа во тим

**Работни задачи:**

**Вработување**

Го организира и помага процесот на вработување;
подготовка, разгледување и изработка на работните задачи и објавување на работното место; подготовка на интервјуата со кандидатите, подготовка на компензациски пакет, подготовка и потпишување на работни договори, организирање на сите видови проверки на информации, регистрација на нововработените согласно локалната легислатива/законите, како и организација на обуки.

**Комуникација**

Подготовка на редовни и веродостојни извештаи, со препорачани следни чекори. Развој и имплементација на програми за тимска соработка и мотивација на вработените.

**Управување на работата на вработените**

Навремена комуникација, проверка на податоци, поддршка и развој на вработените. Поддршка на раководителите на сите оддели и понуда на соодветни обуки за нивните потреби. Анализа за потребите за разни обуки и организирање на истите, во координација со вработените и менаџерите

**Изработка и чување податоци**

Подготовка на плати, бенефиции и други додатоци, како и документи за боледувања и породилни отсуства.

Заинтересираните кандидати треба да достават мотивациско писмо, CV на англиски и потврди/дипломи за завршено образование, како и дополнителни обуки по електронски пат на contactMK@havep.com
Огласот трае 14 дена од денот на објавување.
Работниот однос се заснова на определено време од 6 месеци со можност за понатамошно продолжување на договорот.

Само кандидатите кои ќе бидат избрани во потесен избор ќе бидат контактирани заради спроведување на интервју.